Од овој род е Спасо Милосавлевски (1880-1959), првиот фотограф од Лешок, кој во Првата светска војна е ранет во нога и остана траен инвалид. Од овој род потекнува Ѓоре Милосавлевски – Паша (1886-1971), кој е ранет во гради, во Првата Балканска војна кај Шаркои, блиску до Истамбул. Види: Книга Лешок во фотографии. (Р. бр. 5 и 15, стр. 60-68; Р. бр. 17, стр. 10-25, стр. 48-49 и 68; Р. бр. 18, стр. 44-45, 180, 211, 221, 225,231, и 241; Р. бр. 20, стр. 6 – 9; и Р. бр. 25, стр. 106 и 158 ).
Од овој род моја генерација 1949/50 год. и заедно учевме со Трипун С. Ристовски, кои се преселија во Ѓорче Петров. Види, ( Р. бр. 1, стр. 148-158 и Р. бр.7, стр. 91, Р.бр. 12 и 14, стр. 142-143 и Р. бр. 25, стр. 60). http://spiroski.com.mk/
**в. Речник,** ( Р. бр.18, стр.61,107, 180, 211,221,223,231,), **Дабоќеej, Кашамеej, Пашини, род, Сирмини слава, Споменик,**



| Спасо + | Ѓоре + | Борис + | Драго | Трипун | Борче | Мирко | Тоше | Љупчо |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|

# 37. Петреej

**Петреej** е **стар род** од Долно маало во Лешок, домашна слава е **Пречиста**. Ова е **прв** род од Долно маало, кој има свештеник, а **трет** род од Лешок, кој има свештеник. Куќите им се во Долно маало, десно од патот под чешмата Три дуљка.
Јастре од родот Петреej имал четири сина и една ќерка ( Пецо, Блаже, Јоше и Атанас и ќерката Митра ). На 05 септември 2025 год, Среќко Ристоски ми рече дека на дедо Пецо татко бил, Јастре, дедо му бил Ристо, а пра дедо се викал Петре и пра пра дедото, исто така се викал Петре.
Татко му на поп Стојче се вика Пецо, а дедо му Јастре. Дедо Пецо од Петреej со баба Магда од родот Котлинци од Јанчиште јас добро ги знам, како и нивните деца и внуци. Ова го знам бидејќи Мајка ми Јорда е ќерка на дедо Тоде од родот Котлинци од Јанчиште, а баба Магда беше сестра на дедо ми Тоде. Баба Магда и дедо Пецо имаа еден син поп Стојче и четири ќерки: Вела, Стојна, Трпана и Душанка. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 825- 848 во ТОМ -2 и Р. бр. 18, стр.118 и стр. 183-184 ).
Во 2003 година зборував со отец Стојче Ристовски и ми рече дека не е точно дека они се од родот Коринкooj, туку, нивниот род се вика Петреej и дека имаат врска со родот **Ќулафкooj** од Непроштено. Стојче го истражуваше неговото потекло и по баба Магда од родот Котлинци од Јанчиште и по дедо Пецо и ја има напишано Генаологијата на нивниот род Петреej, но, не ми е познато дали ја публикувал во книга. Во јуни 2025 година разговарав со Митра, ќерката на поп Стојче, а во септември со Среќко, синот на Стојче, при што ми рекоа дека ќе побараат во куќите во Скопје и Лешок и ако најдат записи за Генеологијата на родот Петреej, ќе ме известат.
Среќко, синот на поп Стојче, во септември 2025 година, ми рече дека, не е точно дека овој род има генетска врска со родот Коринкooj, туку, дека нивниот род е посебен род и се вика Петреej.
Инаку, Мајка му на отец Стојче, баба Магда е од родот **Котлинци**, Јанчиште, е сестра на дедо ми Тоде, таткото на мајка ми Јорда Спироска ( Р. бр. 1 и 22, стр. 825- 848 во ТОМ -2 ).
Митра, сестра на дедо Пецо од Петреej, се мажи за Томе од родот Ќулафкови, Непроштено. Види, род Петкои-Аџиини, Непроштено. ( Р. бр. 1 и 22, стр. 834 – 835 во ТОМ -2 ). http://spiroski.com.mk/
Блаже, братот на дедо Пецо имал четити сина: Крсто, Ѓоце, Стеван и Никуш и ќерка Ѓурѓа. Јас ги знам сите четири синови и нивните деца. Крсто има три сина: Јордан, Тодор и Јове, кои се

презиваат Блажевски. Јордан и Јове се отселени во Тетово, а Тодор Блажевски е отселен во Риека. Ѓоце има два сина Борче и Петре. Борче Јастреваски -Пучинка со Споменка има две ќерки Вела и Наташа, а од едната ќерка има внук Ристе. Вториот син Петре (Перо) има еден син Ѓорѓи. Борче и Петре се презиваат Јастревски и се отселени во Тетово.
Јоше (Јоан), братот на дедо Пецо немал пород и го посинил Стеван, кој бил син на Блаже. Стеван Јастревски со Милица од Кујоој има две ќерки Павлина и Иванка и син Борче. Стеван Јошев Јастревски, работеше во Болницата за ТБЦ во Лешок, како медицинско лице – техничар.
Павлина е генерација со братот Мирко, а Иванка и Борче се помлади од мене.
Иванка се омажи во Панчево и има ќерка Гордана и многу млада почина, а Павлинка се омажи со Љупчо Веселинов од Бугарија, која работеше во Германија и има два сина: Здравко и Стефан.
Борче со Фиданка од родот Белчевци имаат син Јовица Јастревски, кој се отсели во Детроит.
Никуш Јастревски има еден син Блаже, кој има два сина: Зоран и Мирослав.
Од родот Петреej е Атанас Јастрев Ристовски, брат на дедо Пецо, а чичко на отец-поп Стојче, кој погинува 1913 во Првата Балканска војна во Шаркој кај Мраморното море на 90 км, од Истамбул. ( Р. бр. 17, стр.21- 24 и 47- 49 и Р. бр. 25, стр. 187-188 ). http://spiroski.com.mk/
Стојче Пецов Ристоски (1936- 2023), протојереј ставрофор, заврши богословија во Призрен. Отец Стојче беше старешина на Лешочкиот манастир од 1968 -1974 година, потоа беше секретар на МПЦ- ОА, кога се градеше Соборниот храм во Скопје и неколку години беше на служба во црквите во Австралија. Види, ( Р. бр. 1 и 22, стр. 148-157 -ТОМ-2 ). http://spiroski.com.mk/
За отец Стојче Ристовски напишав Биографија во книгата Лица од Лешок. ( Р. бр. 25 стр. 161-162 ).
Отец Стојче Ристовски ја преведе црковната книга на Николај Велимировиќ, Толкување на светите евангелија, на македонски јазик, а преведе и др. црковни книги.
**в. Речник**,( Р.бр. 18, стр.118, 120, 183-184, 211, 223, ), **Коринкоој, Котлинци, Петреej, род, слава,**

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  |  |  |  |
| Стојче + | Срећко | Петра | Митра | Павлинка | Иванка + | Петар | Кирил |

xxx

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
|  |  |  |  |  | |
| Ѓоце + | Стеван + | Борче + | Блаже + | Јовица | |

# 38. Пиперкооj

**Пиперкооj** е **стар род** од Лешок на кој домашна слава е **Петковден**. Куќите им се во Тенеќе маало. Најстариот предок е дојден од Отуње. Овој род се запишува и како Попарооj, Станкооj, Попооj, Инчееj, а може да се сретне и како Пејчинооj, на кој слава е Св. Никола и др.
Потомците од овие родови, односно фамилии, треба да ја утврдат точната состојба и да не се мешаат родовите, оти очигледно е дека се помешани имињата на родовите и новите фамилии. Јас не бев во можност да истражувам подлабоко, обврската им припаѓа на потомците на овие родови.